ЈКП „КОМУНАЛЕЦ“
Бр. 04-1453/1
28.07.2025 год.
ПРИЛЕП со Ц.О.

Врз основа на член 45 од Законот за Административни службеници (Службен весник на РМ бр.27/14,199/14,48/15,154/15,5/16,142/16 и 11/18), и ,,Службен весник на Република Северна Македонија “ број 275/2019 и 14/2020 ,215/21 , 99/22 и 208/24 )Директорот на ЈКП,,Комуналец” –Прилеп , ја донесе следната:

# ОДЛУКА

За избор на кандидат за административен службеник по објавен оглас бр.461/2025

1. За извршител на работното место КДР 01 02 Б04 011 Раководител на одделение за јавни набавки, се избира кандидатот со идентификациски код AD3BD54 Даниела Димоска.
2. Именованиот ќе биде вработен на работно место од точка 1 на оваа одлука, по конечноста на ова одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа одлука ќе се објави на интернет страницата и огласната табла на Агенција за администрација.
4. Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На барање на ЈКП,,Комуналец” Прилеп на ден 11.06.2025 година, Агенцијата за администрација објави Јавен оглас бр.461/2025 во дневните весници Слободен печат, Вечер и Коха и на интернет страницата на Агенција за администрација, за вработување на административен службеник во ЈКП,,Комуналец” Прилеп.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас формирана со решение бр.10-1310/3 од 23.06.2025 година ја спроведе постапката за вработување на административни службеници во ЈКП,,Комуналец”-Прилеп.

Согласно Записникот за извршена административна селекција за административните службеници бр.10-1310/4 од 01.07.2025 година, Записникот од спроведениот испит за административните службеници бр.10-1310/5 од 18.07.2025 година, Записникот од спроведената постапка проверка на веродостојноста на докази и интервју за административен службеник бр.10-1310/8 од 22.07.2025 година, Решението за изменување и дополнување на решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-1310/6 од 18.07.2025 година и Решението за изменување и дополнување на решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-1310/7 од 22.07.2025 година, Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија, до ЈКП,,Комуналец”-Прилеп достави Предлог за вработување на кандидат бр.10-1310/9 од 22.07.2025 година примено и заведено во ЈКП,,Комуналец” Прилеп со бр.03-1443/2 од 28.07.2025 година по јавниот

оглас бр.461/2025.ЈКП„Комуналец"-Прилеп постапи во законски предвидениот рок за избор на кандидатот и согласно предлогот за вработување на кандидати по огласот бр.461/2025 година и согласно Законот за административни службеници, го избра кандидатот наведен погоре во одлуката.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова одлука, незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија , во рок од 8(осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

ЈКП„Комуналец"-Прилеп
Директор
Рубинчо Абрашоски

Доставено до:

-Агенција за админстрација (2)

-Именованата

-Оделение за човечки ресурси

-Архива

Изработил: Ѕвонко Ивчески